Срека
од ѕид до ѕид

**Наслов на оригиналот**

HAPPINESS WALL TO WALL
YOUR RIGHT TO ENJOY
George E. Vandeman

**Превод**
Весна Станковска

**Јазична редакција и форматирање**
Мелита Томовска

**Дизајн**
Лазар Томовски

**Издава**
АИК „Знаци на времето“
ул. „Влае“ бр. 42, Скопје

**За издавачот**
Михајло Гурев

**Печати**
„МАРИНГ“ - Скопје

**Џорџ Е. Вандеман**

# Среќа
## од ѕид до ѕид

# Пред да го свртите овој лист

Книгата „Среќа од ѕид до ѕид“ се издава и се печати повеќе од дваесет години.

Тоа е книга со исклучително голем тираж. Сметам дека е добро да се употреби истиот наслов и за ова најново издание - би било тешко да се најде подобар. И еве, книгата е во ваши раце.

Ова градиво за вас го уреди Стивен Мосли (Steven Mosley), мој верен соработник во истражувањето и пишувањето. Книгата ја издаваме со длабока желба овие страници да станат инспирација за вашиот брак, да го збогатат вашиот семеен живот и да ве охрабрат својот живот да му го предадете на Создателот на домот, поврзувајќи се меѓусебно со најнежни врски на Земјата.

Мојата сопруга Нели и јас сакаме вашата радост да се намножи и да ви обезбеди вистински среќен брак. Иако сме веќе педесет години заедно, среќата во нашиот брак сè уште расте!

*Писателот*

*„И така, што Бог соединил, човекот да не разделува!“*
(Матеј 19,6)

*„Ако Господ не го гради домот, напразно се трудат ѕидарите“.*
(Псалм 127,1)



# Среќа од ѕид до ѕид

Возбудлив е моментот кога двајца луѓе - маж и жена - заеднички запловуваат по брзите води на бракот, убедени дека низводно ги чека среќа. Но што да прават кога сплавот ќе почне да се распаѓа кога ќе наиде на брзаците? Да бараат гранка што виси свиткана над реката, која е доволно близу за да ја дофатат со рака, или да викаат некој да им помогне?

Во Сан Диего Бил го крева погледот од сендвичот и одеднаш му поставува прашање на својот пријател: „Велиш дека имаш среќен дом... Во што е тајната?“

Во Детроит Сенди тивко зборува на телефонската слушалка: „Знам, мамо. Но никогаш не мислев дека тоа би можело нам да ни се случи...“

Во Вичита Боб влегува во чекална. Неколку моменти подоцна тој седи во канцеларијата и се јадосува: „Никогаш не сум ни помислувал дека ќе мора да побарам помош од брачен советник. Знаете ли некоја тајна која што мене не ми е позната... Бог знае дека сè се обидов“.

Во Њу Јорк Карол седи наспроти пасторот во неговата канцеларија. „Не знам како работите тргнаа по погрешен пат. Двајцата очекувавме среќа, но тоа беше пат во вистински пекол...“

Во Квебек Кент го насочува погледот кон својот татко: „Тато, што мислиш, дали, по сè што се случи, постои некој начин за да ја поправиме работата? Ми се чини дека погрешно ги толкувавме знаците на патот или нешто друго... Едноставно нашиот брак не оди“.

Сплавовите се распаѓаат, а разочараните мажи и жени во целиот свет настојуваат да ги поврзат. Бараат некоја цврста гранка за која би се фатиле, во својот последен обид да го смират сплавот. Пекаат за помош, секој на свој начин, но со еднакво заедничко очајување.



И тогаш, едно пролетно утро, малку иритирани од ведрината на небото и црцорењето на птиците, Бил во Сан Диего, Сенди во Детроит, Боб во Вичита, Керол во Њу Јорк и Кент во Квебек се упатуваат кон лифтот намуртени, решителни и поразени, потоа влегуваат во канцеларијата на своите адвокати и го предаваат своето барање за развод на бракот.

Тие не сакаат развод. Тие не веруваат во развод. Се обидувале да го одложат овој ден, но домот им станал нешто полошо од отворената брачна разделба. Секој од нив ќе стане уште еден статистички број.

Овие пет пропаднати бракови ќе се вкучат во бројот од над милион разделби што ги предвидувале за оваа година. Според истражувањата кои се спомнуваат во бестселерот *Мегатрендови*, една од три двојки за првпат венчани во седумдесетите, ќе се разделат до деведесетите. Во сите тие тажни статистики најважно е што повеќе од една третина од децата кои се родиле во текот на осумдесетите, дел од своето детство ќе го поминат без еден од родителите.

Но Бил, Сенди, Боб, Керол и Кент се повеќе од статистика. Тие се човечки суштества. Ги

разјадува мислата што во најголемата животна авантура едноставно не успеале. Нивната гордост и самодоверба се поткопани.

Сенди и Керол добро знаат дека се потресени и нерасположени, дека не се во состојба да се приберат; знаат колку се загрижени поради децата, но нема со кого да ги споделат своите грижи. Тие се огорчени, скршени и осамени. Бил, Боб и Кент ги мачи фактот што сопствените деца не им припаѓаат и никогаш веќе нема да им припаѓаат... Децата, пак, навечер заспиваат во солзи, бидејќи сè уште ги сакаат двајцата родители - и чувствуваат вина за она што им се случува.

Но Бил, Сенди, Боб, Керол и Кент - заедно со своите брачни другари - стоеле пред олтарот пред пет, десет или петнаесет години, полни со среќно очекување, како и безброј двојки во текот на многуте генерации, повторувајќи по свештеникот: „...додека смртта не нè раздели“.

Додека ги слушаат зборовите на Светото писмо: *„Она што Бог го соединил човекот да не го раздвојува!“* (Матеј 19,6), цврсто си ги стискаат рацете еден на друг.



Никогаш не дале ниту едно ветување со поголем жар. Секој нивен сон го вклучувал зборот „засекогаш“. Но што се случило? Зошто нивните ветувања станале само статистика? Во што е тајната на трајниот брак? Што може да придонесе таа неопислива радост на денот на венчавката да остане неизвалкана, чиста и недопрена?

Зар бракот не е ништо повеќе од нежната светлина на свеќата и романтиката која брзо исчезнува? Како функционира тој во трисобен стан, меѓу четири ѕида, со три деца, со ограничени примања и со еден или два вообичаени проблеми?

Факт е дека во самиот брачен договор лежи или семето на можните разорни емотивни тешкотии или моќниот темел за трајна успешност. Како ќе биде понатаму? Дали бракот ќе биде само обред или создавање? Дали ќе има двобој или двогласна песна? Дали сплавот сигурно ќе доплива до среќата или сепак ќе се распадне?

Сето ова нè потсетува на тажната молитва на бретањските рибари: „Чувај нè, најмил Боже! Морето е толку големо, а нашите чамци толку мали!“

Дали бракот го претставува секогаш она што брачните другари го очекуваат? Дали сѐ се одвива според нивниот план?

Убава млада жена, со четиригодишно брачно искуство, разговарала со својот пастор за потребата од прилагодување во бракот. Во занесниот женски разговор се вратила во бајковидната земја на своите соништа пред венчавката. Се омажила за прекрасен млад човек, а црковниот обред бил незаборавен. Очекувала иднината да ѝ донесе волшепства: патувања, љубов без крај, облека соодветна на принцеза и торба полна со пари. Да, и бескрајна енергија да ужива во сето тоа - како силен млаз на артески бунар. Меѓутоа, сега, како да сакала да каже: „Зошто не ми кажавте дека ќе дојде до промена на пределот?“ Чувствувала дека мора да ја прифати реалноста на секојдневното водење на домаќинството. Требала без одложување да се прилагоди на децата, садовите, плаќањето сметки и на напорната работа.

Нема брак што би бил бескрајно долга занесна романса. Дури и најдобрите бракови се мешавина од напнатост и стрес, напор и грижи. Успешни меѓусебни односи се коваат



во ковачниците на секојдневните предизвици и задачи.

Не, бракот не е бесконечен меден месец! Тоа е постојана заедничка соработка во задачите и одговорностите кои придонесуваат за создавање стабилен дом. Новостите на бракот брзо се губат. Сјајот на свршувачката не трае вечно.

Но, мора ли ткаенината на спонтаното дружење толку да се истроши?

Во почетокот на бракот сопругот ја подава раката и ѝ помага на својата сопруга да излезе од автомобилот, како таа да е пепелашка која оди на игранка. А сега, ако само малку доцни, тој тргнува и одмавнува со главата: „Ајде, душо! Не можам да те чекам цел ден!“

Мора ли да биде така? Дали бракот навистина од самиот почеток мора да тргне по надолна линија?

Двајца млади се запознале и почнале да се состануваат во вообичаени околности, а потоа одлучиле да ја испитаат својата љубов во поинаква ситуација. Цела седмица момчето доаѓало навечер во нејзиниот дом и заедно подготвувале вечера и миеле садови. Потоа седеле во дневната соба и разговарале. Без радио. Без телевизија. Без грамофон. Едноставно раз-

говарале цела вечер. На крајот од денот се поздравувале и тој си одел. Сакале да видат, пред да решат да го поминат животот заедно, дали ќе можат без здодевност да се поднесуваат еден со друг во такви вистински околности.

Среќата не е состојба на постојано насмевнување, постојана возбуда и веселба, нема да ја најдеме во бескрајната трка од едно место на забава на друго. Среќата се состои во тоа да се подготвуваат оброци, да се набљудуваат децата како од новороденчиња растат и созреваат. Среќата се состои во тоа да се готви и да се замрзнува, да се загради градината, да се измие автомобилот, да се шета во шумата, да се оди на пазарење за семејството, да се јаде домашен леб, да се набљудува распламтеното заоѓање на сонцето...

Бракот не мора да се распадне среде реката. Тој ќе се распадне ако не сме се сложиле околу нашата положба. Ќе се распадне ако јазлите не се доволно добро врзани. Ќе се распадне ако ја потцениме силата на водотечението. Ќе се распадне ако неподготвени стигнеме до брзаците.

Бракот е најголемата животна авантура. Но тоа едновремено е и најзастрашувачко патување на кое можеме да тргнеме. Откако ќе се венчаме, ние влегуваме во нешто многу поголемо од самата венчавка со брачниот другар и преземањето на боженствените обврски. Ние во своите раце земаме делче од човечка судбина, како свет залог. Брачниот другар со кого сме се поврзале е повеќе од тело кое треба да се облекува и да се храни. Се работи за фактот дека се соочуваме со вечна одговорност. Сфаќаме дека тоа е мошне значајно, зар не?



Вреди да се потрудиме. Бракот вреди чесно да го градиме, да го започнеме како што треба. Вреди да поставиме добар темел.

Царот Давид рекол: „*Ако Господ не го гради домот, напразно се трудат ѕидарите*“ (Псалм 127,1).

Колку се значајни темелите во бракот?

Истражувачите Бургес и Котрел, пионери на тоа подрачје, докажале дека најтрајни се оние брачни завети кои се дадени во рамки-те на црковниот обред, со одобрување на родителите на двајцата што влегуваат во брак. Оние бракови кои се склопени само пред граѓанските власти, повеќе се несреќни отколку среќни. Ако сопругот престанал да оди во црква пред да ја заврши единаесеттата година

од заедничкиот живот, брачната двојка била среќна една десетина од просекот. Ако сопругот и сопругата продолжиле да одат во црква сè до деветнаесеттата година од животот и ако оделе на богослужение две третини од времето по венчавката, биле педесет проценти посреќни од просечните брачни двојки.

Ова е само статистички начин на изразување на она што го заклучил реформаторот Мартин Лутер. По својата венчавка со опатицата зборувал за чудото што го направил Исус на свадбата во Кана, кога ја претворил водата во вино: „Кога во вашиот брак го нема Исус, животот е *без вкус* и без сласт. Но кога Исус влегува во вашиот дом, Тој секогаш ја менува водата во вино. Неговата внимателност го претвора обичното секојдневје во слатко и блескаво искуство. Тој го отстранува робувањето. Тој го отстранува студенилото од должноста и, наместо тоа, внесува трајна среќа“.

Секако, може да се изгради ваква брачна заедница - Небото да не ни изгледа предалеку ниту нереално, зашто нашето срце уште тука го запознало допирот на небото.

За жал, големи се можностите за неуспех во бракот. Постојат толку места на кои можеме



да скршнеме од патот, толку подрачја на кои можеме да наидеме на недоразбирање, толку неприлики кои не можат да се сменат само со здравиот разум, толку околности во кои брачниот советник е немоќен да помогне - па, сепак, вистинско чудо е што некои бракови успеваат. Ако успеат, но не само површно тука и во она што останува скриено од погледот на другите, тоа е токму поради фактот што искрената желба да учат се поврзала со чудото на соработка со Создателот на бракот!

Бракот е застрашувачка авантура. Тоа е поврзување на судбините, во кои тешко би се впуштале ако не е гласот на срцето. Замислете си: двајца, кои малку знаат еден за друг, одеднаш донесуваат одлука да живеат заедно целиот живот, од денот на венчавката до недоглед!

Среќа и тага, промашувања и немилосрдност, болести и здравје - сето тоа заемно ќе го делат. Со својата одлука тие се отвориле себеси преку цела низа од разговори, можеби и навреди и проблеми, кои никогаш претходно не биле можни. Колку се почувствителни на среќата, толку раните ќе им бидат подлабоки. Колку поголеми им се очекувањата, толку погорчливи ќе им бидат разочарувањата. Колку

е понесебична нивната посветеност, толку измамата потешко ќе им падне.

Што внесувате во својот брак? Дали се прашувате што може вашиот брачен другар да направи за вас или, пак, што можете вие да направите за својот брачен другар? Во тоа е значајната разлика! Имено, ако брачниот однос не е ништо повеќе од здружена себичност, тогаш бракот нема иднина.

Во бракот ќе дојде и до судир. Поинаку и не може да биде. Длабоката себичност, која ги карактеризира сите секојдневни постапки во бракот, не може а да не доведе до одреден степен на судир. Себичноста создава напнатост. Во чудниот парадокс, таа создава рани кои самата ги лечи. Зошто? Затоа што во бракот секој брачен партнер се изложува на најстрого испитување од страна на другиот. А другиот, најверојатно влегол во брак со претерани очекувања. Вистината е искрена, но и застрашувачка. Две различни личности настојуваат да се стопат во една. Венчавката е само почеток. Да се биде целосно познат, а сепак целосно сакан - тоа е целта.

Како што гледате, бракот го прави секој учесник посебно ранлив, затоа што ја разоткрива секоја слабост, секоја разлика во мислењето. Во бракот станува очигледен секој неуспех во исполнувањето на очекувањата на другата страна. Брачниот живот создава многу можности за повреда.



Кога двајца на венчавката ќе си подадат рака еден на друг, повеќе нема место за глума. Тие мораат да ги отфрлат сите маски и сите игри. Постојаната близина во брачниот живот ќе покаже каков е секој од партнерите.

Едноставноста и искреноста се најважни. Но колку ли се ретки денес овие вредности! Блажени се оние момчиња или девојчиња кои овие особини ги внесуваат во бракот.

Добро кажал Двајт Херви Смол: „Современото општество нè учи да бидеме префинети и препредени, неправедни и неискрени. Живееме во претерување и во присиленост. Стануваме стручњаци за оставање на впечаток, совршени во преправањето... Изразуваме чувства какви што не чувствуваме... Му даваме предност на лажниот свет“ (Design for Christian Marriage, стр. 59).

Во бракот нема место за глума и за парадирање. Нема место за украсување на излогот. На брачниот испит ќе помине само веродос-

тојноста. Ако сакате, вие можете во бракот да го внесете скапоцениот дар на вистинска искреност. Успехот во бракот не се остварува лесно, но, благодарение на Бога, може да се постигне.

Се сеќавате ли на Бил, Сенди, Боб, Керол и Кент? Дали искуствата на овие пет проблематични двојки ја осветлуваат вашата и мојата потреба?

Дали се тие општа слика за брак во неволја? Ако утврдите дека можете да се поистоветувате со некој од нив, зар тоа не покажува дека човечката природа, на кое било место на оваа земја, секаде е слична?

Бил од Сан Диего навистина не знае што не е во ред со неговиот брак, и за време на ручекот го прашува својот пријател за совет. Тој само знае дека комуникацијата во неговиот дом е безнадежно закочена. За тоа ја обвинува својата сопруга, но тој е оној што не зборува. Неговиот татко бил човек со малку зборови. Тој е сличен на него. Зошто на неговата сопруга ѝ треба потврда за неговата љубов? Зар не работи тој за неа како роб? Но, сега веќе ни таа нема да зборува.



Кога двајцата би сфатиле колку е значаен меѓусебниот разговор, дека тој претставува срцевина на бракот, кога би разбрале и би примениле некои едноставни начела, зар не би можел да се избегне овој раздор?

Ова ме потсетува на предупредувањето на Библијата: *„Мојот народ гине: нема знаење...“* (Осија 4,6).

Сенди од Детроит може да ви раскаже поинаква приказна. Била единица, порасната во доста строг дом. Сметала дека слободата ѝ била ограничена, и затоа, во знак на протест, прифатила рано да се венча. Најнапред се трудела да живее во согласност со повеќето начела на кои ја учеле. Нејзиниот сопруг поради тоа ѝ се восхитувал. Изгледало дека нивнит брак ќе успее. Потоа тој почнал во домот да носи некои од оние отворени и предизвикувачки списанија и романи. Таа не сакала да ги чита. На почетокот ги тргала настрана. Потоа прочитала само еден. И тоа бил почеток на нивниот крај. Не требало долго за моралното ткиво на нивниот брак да почне да слабее. Но, во споредба со она што го читале, нивните постапки изгледале беспрекорни. На почетокот пропаста била речиси незабележителна. На крајот

се појавила уште една двојка - и размената на партнерите завршило со разделба. Сенди би можела да ни потврди дека тоа не морало да се случи.

Боб од Вичита мисли дека причина за неволјите лежи во самиот нивен брак. Тој сѐ уште не сфаќа дека причината за неволјите е всушност самиот тој. Тој, едноставно, не ги научил основните начела на однесување со луѓето - на секое место, на работа, во друштвото, во кој било меѓучовечки однос. Постојано би ја менувал работата, никогаш не сфаќајќи ја вистинската причина. Неговата сопруга навистина била трпелива. Се разделиле неколку пати за во период од две седмици, но поради децата се обидувале пак од почеток. На крајот, едноставно престанале со обидите. Ни вториот брак за Боб нема да биде успешен - доколку не научи дека неволјата со бракот е всушност неволја со оние кои му припаѓаат.

Карол од Њу Јорк доживеала можеби најголема трагедија од сите петмина. Таа и нејзиниот сопруг потекнуваат од иста општествена средина. И двајцата дошле од мало место. Двајцата имале добар дом. Двајцата во младоста се запознале со Христовата радосна вест.



Таа решила да го следи Господа. Тој не. Ја советувале да не брза со мажењето. Ја вознемирувале зборовите на апостолот „*Не бидете со неверниците под еден ист јарем*“ (2. Коринќаните 6,14). Но нејзиниот случај бил нешто друго. Се надевала дека неговото верско воспитување ќе го зајакне - дури и ако тој не живее во согласност со своето осведочување.

Меѓутоа, сега таа го опишува својот брак како пат кој води во самиот пекол. Таа тоа не може да го објасни. Својата приказна ја изнесува со големо двоумење. На почетокот нивните патишта почнале само малку да се разидуваат. Потоа се преселиле во град и заинтересираноста на нејзиниот сопруг за необични работи почнало да создава неволји. Го интересирала хипнозата - сакал малку да испроба како иде тоа. Потоа почнал да експериментира со дрогата - само за да види што е тоа за кое луѓето толку многу зборуваат. Ја поттикнувал Керол да му се придружи во овие нови возбудувања. Секако, таа не сакала да го следи неговиот пат. На крајот дошол оној психоделичен викенд. Брачна катастрофа. Пат што води во самиот пекол. Но, за тоа требала да биде посвесна претходно!

Кент од Квебек бил човек кој имал сѐ - одлична работа, куќа во предградието, интересен општествен живот, поголем износ на банковната сметка, прекрасна жена и три слатки деца - сѐ до разделбата.

Тој можеби и ќе најде друга жена која ќе го украсува неговиот дом и со него ќе го дели друштвениот живот и парите на сметката во банка, но неговите деца повеќе не му припаѓаат и тоа никако не може да се надомести. Тој е човек кој имал сѐ - освен активна вера во Бога. Тој, впрочем, не е неверник. Тој верува. Но сака неговата вера да биде нешто одвоено и да не влијае на неговата работа, на неговите општествени односи или на неговиот дом. Зошто неговите деца да се хранат со религија? Кога ќе бидат доволно големи да одлучуваат, самите нека изберат. Неговата сопруга навистина не треба од тоа да прави толку голем проблем. Но, сега децата ѝ припаѓаат на неа. Куќата е необично тивка. Што тргнало по погрешен пат во нивниот брак? Зошто не успеал? Зошто не бил доволно силен за да го издржи малиот налет на ветрот.

Можат ли да се спасат ваквите домови? Може ли сплавот да се смири и да се поврзе пред



да стигне до опасните вители; може ли да се отстранат пречките во комуникацијата, да се согледа опасноста, да се заштити приватноста, да се избегнат раздорите, може ли разумот да се сочува - ако чесно се соочиме со проблемите?

Мислам дека тоа може да се оствари. Ете, затоа и ја имате оваа книга во своите раце!

# Брачните другари во чесна борба

Во секој брак - дури и кај оној што изгледа како да е склопен на Небото - се појавуваат судири, разлики какви што не сме очекувале, спротивставени мислења и интереси поради кои доаѓа до разидувања. Без оглед на романтичните балади, две личности не стануваат една само по себе; во брачната заедница постои одредено прилагодување за кое е потребно време и размислување.

Би сакал од оваа глава да разбереме како нашите несогласувања во бракот да ги направиме попродуктивни и како од нашите разлики можеме да создадеме нешто позитивно – наместо да ги користиме еден против друг. Накратко, ќе научиме како во судирот да бидеме чесни. Помошта ни доаѓа од неочекуван извор: од односот којшто владеел меѓу Исуса и неговите ученици.



Додека како брачна двојка ги решаваме разликите, постои една мошне важна цел која мораме да ја имаме на ум: *да бидеме сосредоточени на решението.*

Секој наш разговор треба да биде насочен кон барање решение за проблемот. Обично на луѓето им е важно нешто друго: обвинување. Расправијата станува натпревар во пронаоѓање на сè поголеми причини за да се обвини другата страна. А обвинувањата се смртоносни. Тие секој разговор однапред го осудуваат на неуспех. А ние сакаме да дојдеме до решение, зар не?

Постојат три главни начини кои можат да ни помогнат да се фокусираме на решението. Првиот е мошне едноставен: се вика *слушање.* Повеќето расправии се влошуваат затоа што сопругот и сопругата, всушност, не слушаат што вели другиот. Не ги слушаат зборовите

на сопружникот и ги омаловажуваат неговите чувства. Меѓутоа, луѓето имаат потреба да кажат како се чувствуваат.

Да се обидеме да ја замислиме општопознатата брачна сцена. Да ја набљудуваме расправијата на брачна двојка, на која можеме да ѝ ги дадеме имињата Линда и Бил. Обидете се да согледате како и зошто започнала расправијата, и обидете се да откриете што е тоа што не го слушаат еден од друг.

Во дневната соба на нивниот дом, обидувајќи се да чита весник, Линда нетрпеливо се преместува, повремено погледнувајќи низ прозорецот, па потоа повторно кон часовникот. Бил влегува низ вратата со палто и чанта во раката. Линда не го крева погледот, но очигледно е дека е лута.

„Еве ме", вели Бил, настојувајќи да звучи ведро. Но нема одговор.

На крајот, Линда налутено вели: „Сега е единаесет и триесет".

„Знам, се задржав во канцеларијата".

Од Линда излегува: „Можеше да ми се јавиш!"

„Линда, беше итно! Разбираш?"

„Само еден краток телефонски повик..."



„Бевме долу во просторијата со компјутерите. Не можев".

„Знаеш. Понекогаш помислувам дека воопшто не ти е гајле за мене".

Бил ги крева рацете: „Прекрасно! Не можам да поверувам!"

„Седам овде веќе три часа..."

„Линда, ме задржаа во просторијата со компјутерите и шефот ми беше на врат..."

„Немаш претстава како ми беше!"

„Не можев да те повикам. Ајде, биди разумна".

Очигледно е дека Линда е вознемирена; таа со часови нетрпеливо и загрижено чекала и сега сака да си даде оддишка на своите чувства. Но Бил реагира на начин со кој застанува против нејзиниот гнев. Сличен е на прериски оган, кој треба да се изгасне. Се чувствува загрозен.

И наместо да слуша, Бил почнува да се брани. Тој не сфаќа дека Линда мора да ја изрази својата вознемиреност; неа и е потребен сопруг кој ќе го слушне тоа и ќе го прифати. Фактите кои објаснуваат зошто Бил дошол толку доцна не се толку важни колку чувствата со кои Линда е оптоварена.

Верувале или не, слушањето е еден од најдобрите начини за решавање на проблемите. Слушањето претставува прв чекор кон нешто друго. Луѓето сакаат да бидат сослушани. Слушањето ја задоволува оваа потреба. Тоа го решава проблемот. Бил не може да го смири заканувачкиот гнев на својата сопруга, обидувајќи се да ѝ покаже колку е тој гнев неразумен, освен, едноставно, слушајќи што има таа да каже.

И Линда паднала во стапица. Таа почнала да го обвинува наместо едноставно да каже како се чувствува. Таа не ги слуша објаснувањата на нејзиниот маж, кои се негов обид да искаже дека всушност и тој се грижи. Таа своето внимание го насочила кон обвинувањето и затоа не ја слуша неговата загриженост.

Но што би се случило ако расправијата ја вратиме на почетокот, како некој филм? Да видиме што би можело да се случи, доколку Линда и Бил навистина слушале.

„Еве ме", вели Бил, настојувајќи да звучи ведро.

Нема одговор.

Најпосле Линда налутено му вели: „Сега е единаесет и триесет".



„Знам, се задржав во канцеларијата". Бил седнува и ја погледнува сопругата. „Ти си се вознемирила чекајќи цело време?"

„Можеше да ме побараш!"

„Беше итно. Ме задржаа во просторијата со компјутерите и шефот ми беше на врат... Душо, жал ми е што си била загрижена". Бил се приближува поблизу до Линда.

„Се чувствував страшно... седејќи овде цели три часа. Ќе ми беше полесно ако ме побараше".

„Требаше да најдам некој начин за да ти се јавам. Можам да сфатам зошто си лута. Линда, навистина ми е важно како се чувствуваш... дури и кога тоа не го покажувам како што треба".

Линда, до тогаш загледана во подот, сега воздивнува, успева да се насмевне, и го крева погледот, прашувајќи го Бил: „Дали си гладен?"

Овде гледаме двајца сопружници кои навистина се слушаат еден со друг. Бил ја слуша потребата на својата жена за чувствителна потпора, а Линда ја слуша загриженоста на својот сопруг. Важно е што Линда ги изразува своите чувства без да го нападне својот сопруг, а Бил ги вреднува нејзините чувства без да почне да се брани.